Повик за натпреварување

# НАЦИОНАЛНО ПРВЕНСТВО НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2023

Национален натпревар во уметничко лизгање

**Федерацијата за лизгачки спортови на Северна Македонија има чест да Ве покани да учествувате на Националното првенство на Северна Македонија во уметничко лизгање за 2023 година**

## ВОВЕД

Националното првенство на Северна Македонија во уметничко лизгање е организирано во согласност со Статутот на ИСУ, Општиот правилник на ИСУ 2022, ИСУ Правилникот за лизгање на поединци и парови 2022, Натпреварувачкиот правилник на ФЛС и релевантни ИСУ Објави.

Националното првенство на Северна Македонија во уметничко лизгање е отворено за сите лизгачи, членови на клубови кои се зачленети во Федерацијата за лизгачки спортови на Македонија, како и за индивидуални регистрирани членови на Федерацијата за лизгачки спортови на Македонија, односно за сите активни членови на Федерацијата. Пријавите за натпреварување ги доставува клубот на приложените обрасци или самиот индивидуален член.

***Организатор:* Федерацијата за лизгачки спортови на Северна Македонија*, ул. Пандо Кљашев бр.11, 1000 Скопје.***
***Дата: 24-25.02.2023 година.***
***Место на одржување: Лизгалиште при Спортски центар Борис Трајковски, Скопје (делумно затворено лизгалиште со димензии 56×28 м)***
***Категории: Лизгање на поединци: сениори, јуниори, младинци 1, 2и 3 идеца Аи Б (момчиња и девојки)***

# ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

Сите категории ќе се судат во согласност со ИСУ правила 2022.

## СЕНИОР/КИ

Техничките барања се во согласност со ИСУ Техничките правила за лизгање на поединци и двојки 2022 (ISU Technical Rules - Single and Pair Skating 2022) и соодветни ИСУ објави.

**Кратка програма/Short Program: 2 min 40 sec, +/- 10 sec**

**Слободна програма/Free Skating: 4 min 00 sec, +/- 10 sec**

## ЈУНИОР/КИ

Техничките барања се во согласност со ИСУ Техничките правила за лизгање на поединци и двојки 2022 (ISU Technical Rules - Single and Pair Skating 2022) и соодветни ИСУ објави.

**Кратка програма/Short Program: 2 min 40 sec, +/- 10 sec**

**Слободна програма/Free Skating: 3 min 30 sec, +/- 10 sec**

## МЛАДИНЦИ/КИ 1 (ADVANCED NOVICE GIRLS/BOYS)

Техничките барања се во согласност со ИСУ Техничките правила за лизгање на поединци и двојки 2022 (ISU Technical Rules - Single and Pair Skating 2022) и соодветни ИСУ објави.

**Кратка програма/Short Program: 2 min 20 sec, +/- 10 sec**

**Слободна програма/Free Skating: 3 min 00 sec, +/- 10 sec**

## МЛАДИНЦИ/КИ 2 (INTERMEDIATE NOVICE GIRLS/BOYS)

Техничките барања се во согласност со ИСУ Техничките правила за лизгање на поединци и двојки 2022 (ISU Technical Rules - Single and Pair Skating 2022) и соодветни ИСУ објави.

**Слободна програма/Free Skating: 3 min 00 sec, +/- 10 sec**

## МЛАДИНЦИ/КИ 3 (BASIC NOVICE GIRLS/BOYS)

Техничките барања се во согласност со ИСУ Техничките правила за лизгање на поединци и двојки 2022 (ISU Technical Rules - Single and Pair Skating 2022) и соодветни ИСУ објави.

**Слободна програма/Free Skating: 2 min 30 sec, +/- 10 sec**

## ДЕЦА А (CUBS)

Возрасно ограничување: спортисти родени од 1.7.2012 до 30.6.2014

**Слободна програма/Free Skating: 2 min 00 sec, +/- 10 sec**

## ДЕЦА Б (CHICKS)

Возрасно ограничување: спортисти родени од 1.7.2014 и помлади

**Слободна програма/Free Skating: 2 min 00 sec, +/- 10 sec**

Добро избалансирана програма за ДЕЦА А и Деца Б мора да содржи:
а) Максимум 4 скока од кој еден да биде од тип Аксел. Може да содржи до две (2) комбинации од скокови или една (1) комбинација од скокови и една (1) секвенца од скокови. Комбинациите од скокоци и секвенцата од скокови содржат да (2) скока. Во секвенцата од скокови едниот скок мора да биде од типот Аксел со директен исчекор од доскочната ивица од првиот скок во отскочната ивица на скокот од типот Аксел. Една цела револуција на мразот меѓу скоковите (слободната нога може да го допре мразот, но не и да се пренесе целата тежина на неа) го одржува елементот во границите на дефиницијата на секвенца од скокови. Скокови изведени во секвенца од скокови добиваат целосна вредност. Не дозволен ниту еден троен или четвороструки скок. Само еден обичен скок и еден двоен скок (вклучувајќи двоен Аксел) може да се повтори еднаш.
б) Мора да има максимум од две (2) пирует одразлична природа (варијација), од кои едната мора да биде комбинација и едната мора да биде пируета без промена на позицијата. Комбинираната пируета со промена на нога и минимум од осум (8) револуции или без промена на нога и минимум од шест (6) револуции. Во двете пируети се дозволени влезови со скок.
в) Мора да има максимум од една (1) секвенца на чекори која целосно ја искористува површината на мразот.
Објаснување на нивоата: За сите елементи, кои се предмет на нивоа, ќе се бројат само изведби до второ ниво. Сите дополнителни изведби нема да се бројат за ниво и ќе бидат занемарени од техничкиот панел.
Следната содржина на програмата се оценува:

- Композиција

- Презентација
- Лизгачки вештини

Факторот за содржина на програмата е 1.67

Сите останати генерални правила и технички барања се еднакви како во ИСУ правилата за Младинци/ки 3 запишани во објавата бр. 2489. Судењето се одвива исто како и за јуниорски и сениорски меѓународни натпревари.

# ПРИЈАВИ

## НАЧИН И РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

Право на учество имаат сите уредно регистрирани натпреварувачи во Федерацијата за лизгачки спортови на Северна Македонија за тековната сезона, во согласност со Правилникот за регистрација на ФЛС и правилата на ИСУ.

Пријави индивидуално треба да се достават до организационата комисија на e-mail: skatingfederationmk@gmail.com со назнака: **ПРИЈАВА ЗА НАЦИОНАЛЕН НАТПРЕВАР.**

Пријавите треба да се испратат најдоцна до **петок, 17.02.2023** и **неопходно** е да содржат:

- Име и презиме на натпреварувачот;
- Дата на раѓање;
- Категорија на натпреварувачот;
- Клуб на натпреварувачот.

# ВАЖНИ ИЗВЕСТУВАЊА

## ТРОШОЦИ

Организаторот ќе ги покрие трошоците за натпреварување, организација, судење, дежурен лекар на лизгалиштето во текот на службениот дел од програмата, изработка на Протокол, трошоци за дипломи и подароци.

## ОДГОВОРНОСТ

Сите натпреварувачи настапуваат на сопствена одговорност. Организационата комисија не сноси одговорност за било какви телесни или лични повреди, губење или оштетување на предмети која ќе ја направат натпреварувачите или службените лица.

Организаторот ќе обезбеди лекарска помош за сите натпреварувачи и службени лица во време на траење на натпреварувањето.

## МУЗИКА

Сите натпреварувачи мораат да достават музика за натпреварување со одличен квалитет на е-мејл skatingfederationmk@gmail.com, снимена во mp3 формат, а фајлот мора да го содржи името и категоријата на натпреварувачот. Натпреварувачот се согласува, во случај на несоодветна или нискоквалитетна снимка на музиката, организаторот да репродуцира музика по сопствен избор за неговата програма/настап. Се препорачува натпреварувачите да поседуваат и резервна копија на својата музика за натпреварување.

## РЕГИСТРАЦИЈА НА НАТПРЕВАРУВАЧИ

Регистрацијата на натпреварувачите ќе се изврши пред извлекувањето на редните броеви за настап, во канцеларијата во СЦ Борис Трајковски. Регистрацијата ќе ја изврши Натпреварувачката комисија на натпреварувањето која е составена од Врховен судија и двајца претставници на ФЛС.

Секој натпреварувач на Натпреварувачката комисија треба да и приложи важечки лекарски преглед (не постар од 6 месеци). Во спротивно, учеството нема да биде дозволено.

## ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПОБЕДНИЦИ

Државни/национални прваци се прогласуваат во категориите Сениор/ки, Јуниор/ки и Младинци/ки 1, односно во категориите препознаени од ИСУ како меѓународни категории.

Во сите останати категории се прогласуваат победници за соодветната категорија.

Покана за натпреварување

# НАЦИОНАЛНО ПРВЕНСТВО НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2023

Национален натпревар во уметничко лизгање

## ПРЕЛИМИНАРНА АГЕНДА

| | |
|---|---|
| Четврток, 23.02.2023 | Регистрација на натпреварувачи |
| 18:00-20:00 | Состанок на судиското жири и на Техничкиот панел, Состанок на Натпреварувачката комисија; Електронско извлекување на редните броеви за настап. |
| Петок, 24.02.2023 | Натпревар |
| 19:00-20:00 | Кратки програми за категории<br>Младинци/ки 1<br>Јуниор/ки<br>Сениор/ки |
| Сабота, 25.02.2023 | Натпревар |
| 08:00-10:00 | Слободни состави за категории<br>Деца А и Деца Б<br>Младинки 2 и Младинки 3 |
| 10:30-12:00 | Младинци/ки 1<br>Јуниор/ки<br>Сениор/ки |

**Напомена: Агендата на натпреварот може да се измени по приемот на сите пријави и конечно се утврдува на Состанокот на Натпреварувачката комисија на 23.02.2023 година и ќе биде објавена за време на извлекувањето.**

**Скопје, 22.01.2023 година**

**Федерација за лизгачки спортови**

**на Северна Македонија**